Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

Арх.бр.УПП-24/2021

Дата. 01-10-2021

**Предмет:** Одговор на претставка со арх.бр.УПП-24/2021 на подносителот Ефтим Стоилов (претставката се објавува на веб страницата на МЖСПП со оглед на тоа што подносителот нема наведено адреса на живеалиште или престојувалиште) од 24.08.2021 година.

Претставката заведена со архивски број УПП-24/2021 доставена од страна на Евтим Стоилов во врска со пријава за злоупотреба, односно крадење на државен имот-песок од речното корито на реката Вардар во село Пепелиште, Општина Неготино.

Секторот за правни и општи работи на Министерството за животна средина и просторно планирање врз основа на извршеното проследување по службена должност на погоренаведената предметната претставка со Барање на мислење од Државниот инспекторат за животна средина и Барање на информација од Секторот за води во рамките на Министерството за животна средина и просторно планирање со цел да се усогласи фактичката состојба, Ве известуваме со конечниот исход од постапување врз основа на произнесеното мислење на погоренаведените правни субјекти:

1. Главниот водостопански инспектор на Државниот инспекторат за животна средина, Лидија Зафировска на ден 01.09.2021 година се произнесе со следниот исход врз основа на извршениот теренски надзор на локацијата на речното корито Вардар, Општина Неготино:

- Согласно дозволата издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1.ПА1 -11/5-1408/2020 од 23.12.2020 година за уредување на реката Вардар делница Лаака КО Криволак КП 759/1 КО Црвени Брегови 1 во должина од 1=112.32 м , Општина Неготино, АД Водостопанство има склучено договор со бр. 10-52/8 од 26.03.2021 година со Ина Трејд со ЕДБ 4020009507766, ЕМБС 6492860 застапувано од Климе Лотески. Правното лице се уште не е отпочнато со работа од причина што АД Водостопанство треба да постапи согласно заклучокот на Влада на РСМ по насоките на точка 28 согласно извадок од нацрт записникот од 54 та сседнича на Владата на РСМ бр.40-1890/1 од 16.03.2021 година.
- Согласно дозволата издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1.ПА1 -11/5-1408/2020 од 23.12.2020 година од 23.12.2020 година АД Водостопанство има склучено договор со Рогуш Транс Зоран ДООЕЛ Кавадарци со ЕДБ 4011991105022, ЕМБС 4298772 застапувано од Елизабета Накова.
- Согласно дозволата издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. УП1.ПА1 -11/5-1408/2020 од 23.12.2020 година од 23.12.2020 година за уредување на реката Вардар согласно проектната документација бр.320-19 од месец ноември 2019 година од ГЕО-ИНГ ДОО Делчево е усвоен проток Q=1430 м3/сек. За


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

делницата Пепелиште, КП 2248/1, КП 760/1, КО Криволак во должина од 1271,14м, Општина Неготино.

2. Секторот за води на Министерството за животна средина и просторно планирање на ден 21.09.2021 година се произнесе со следното мислење:

- Врз основа на извршениот увид од страна на Секторот за води утврдено е дека од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање е издадена дозвола со бр. УП1.РА1-11/5-1408/2020 од 23.12.2020 година за уредување на река Вардар согласно проектната документација бр.320-19 0д месец ноември од ГЕО ИНГ ДОО Делчево за делница Пепелиште КП 2248/1, КП 760/1 КО Криволак во должина од 1271,14 м, Општина Неготино.
- За реализација на активностите од дозволата за вадење на песок, чакал и камен, односно негово пуштање во промет на носителот на дозволата на 01.04.2021 година му биле издадени 9 кочани отпечатени и заверени испратници со серискi број од 38241 до 38600.
- Во однос на реализацијата на дозволата е извршен надзор од водостопански инспектор, при што е констатирано дека за извршување на активностите на дозволата има склучено два договори со правниот субјект Ина Трејд Лоте и правниот субјект Рогуш Транс Зоран ДООЕЛ Кавадарци
- Со оглед на тоа што уредувањето на речното корито се врши по стационажи, Секторот за води не гледа пречки во тоа што за извршување на активностите носителот на дозволата склучил два засебни договори.
- Рогуш Транс Зоран ДООЕЛ има извадено 5002 м3 заклучно со 26.09.2021 година, при што количината е заведена во градежен дневник и дневен извештај и биле издадени испратници од страна на АД Водостопанство на РСМ, издадени и заверени од овластено лице на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**По овластување на МИнистер**

**Државен советник за правни и општи работи**
Тодор Ѓорговски

**Изработил:**Анета Михајловска
**Контролирал**: Билјана Тешева Горгиевска


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “PresvetaBogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk